Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на 40-тата седница одржана на 06.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 08.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2345/1 од 08.04.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконски дејствија преземени од страна на стечајниот управник ----------------------------, назначен за стечаен управник на правното лице „Друштво за инженеринг ------------------------ ДОО" во стечајна постапка V СТ бр.806/09 која се води пред Основен суд Скопје 2 Скопје.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2345/1 од 08.04.2019 година, затоа што постапил друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-2345/1 од 08.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2345/1 од 08.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски дејствија преземени од страна на стечајниот управник ------------------------, назначен за стечаен управник на правното лице „Друштво за инженеринг ---------------------------- ДОО" во стечајна постапка V СТ бр.806/09 која се води пред Основен суд Скопје 2 Скопје. Како што е наведено во пријавата, стечајниот управник постапувал несовесно, незаконито и нестручно при спроведувањето на стечајната постапка, особено во делот на утврдување на реалната квадратура на становите, со што ја оштетил стечајната маса и доверителите.

Согласно наводите од пријавата, станува збор за здружување на средства за изградба на зграда пред започнување на изградбата со квадратура на становите упишана во договорите според проект. Во

тек на градбата се појавила разлика во квадратурата која била констатирана со мерење од страна на геодет по завршување на градбата. Во 2010 година бил отворен стечај над „---------------------- ДОО", а станарите сопственоста на оспорените станови ја докажувале по судски пат при што од страна на судот се прифатени квадратите според првичните договори за здружување на средства, а не квадратите утврдени со геодетски елаборат. Имајќи го предвид ова, стечајниот управник бил должен да го оспори пред судот имотниот лист со бр.49949 во самата постапка заради содржината на истиот со нереална квадратура или со жалба да ги оспори донесените пресуди со таквата квадратура, ако се земе предвид дека задача на стечајниот управник според Законот за стечај е да ја штити стечајната маса од која треба да се намират доверителите, а во случајов најголем доверител е државата.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, побара од Министерот за економија на Република Северна Македонија согласно неговите надлежности да изврши преглед на работењето на стечајниот управник ----------------------- на „Друштво за инженеринг ------ ----- --------------- ДОО" во однос на стечајната постапка V CT бр.806/09 која се води пред Основен суд Скопје 2 Скопје и да биде доставена информација со податоци и известувања, со прилог придружна документација од постапувањето и од евентуално преземените мерки за отстранување и санкционирање на утврдените неправилности во вршењето на функцијата стечаен управник.

Од страна на Министерството за економија е добиен одговор дека согласно одредбите на Законот за стечај министерството нема овластувања да наложи спроведување на увид на работењето на стечајниот управник во било која стечајна постапка кое се однесува на стручно и уредно извршување на должностите. Во одговорот се наведува дека од анализата на член 35 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) може да се утврди дека непосреден надзор во работењето на стечајниот управник од аспект на уредно и совесно вршење на своите должности имаат стечајниот судија, како и органите на доверителите, одборот на доверители и собранието на доверители. Свои ингеренции во надзорот над работењето на стечајниот управник има и Дисциплинската комисија на Комората за стечајни управници. Според Законот за стечај, министерот може да преземе одредени дејствија на контрола над работењето на Комората, меѓутоа законот му ја исклучува можноста да врши контрола над работењето на стечајниот управник во одреден предмет. Имено, во член 293 став 1 и 2 од наведениот закон е предвидено дека:Надзор над вршењето на јавните овластувања на Комората врши министерот за економија по службена должност. По барање на стечаен судија или по приговор на заинтересирано лице, тој може да определи преглед на работењето на Комората, на стечајните управници и да преземе потребни мерки за отстранување и санкционирање на утврдените неправилности во вршењето на функцијата стечаен управник и притоа нема право да се меша во стечајната постапка. Исто така, министерството може да изврши контрола на стечајниот управник во делот кој се однесува на тоа дали стечајниот управник ги исполнува условите и понатаму да има лиценца за вршење на работите стечаен управник според условите предвидени со закон. Понатаму, согласно законот за стечај, судот е тој кој се грижи за спроведување на стечајната постапка согласно законот и тој е должен да го санкционира секое дејствие на стечајниот управник кое не е извршено според неговите

упатства или согласно закон и поради таквите дејствија претрпеле штета доверители или други учесници во постапката.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Министерството за внатрешни работи во рамки на своите надлежности да ги провери наводите од пријавата и за резултатите да ја извести Државната комисија.

Од Министерството за внатрешни работи добиено е известување дека е постапено по барањето на Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на наводите од анонимната претставка и за преземените мерки и активности, согласно одредбите од Законот за кривична постапка, до Основното јавно обвинителство Скопје е доставено Известување бр.22.21.16.3-180 од 20.01.2020 година.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, а со оглед дека Основното јавно обвинителство Скопје е известено за наодите од постапката, односно постапува друг надлежен државен орган, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**